АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.04-51/19-3

06.11.2019 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Илија Николовски врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/2019, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место самостоен судски референт-технички секретар на претседателот - 1 извршител, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 06.11.2019 година, на ден 06.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот- 1 извршител, се избира кандидатот:

1. **ЛИДИЈА СОТИРОВА со шифра бр.0119ССР02**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука

Образложение

Од страна на Апелациониот суд Битола во дневните весници „ Вечер " и ,, Лајме " од 04.10.2019 година, објавен е Јавен оглас бр.1/2019 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место самостоен судски референт-технички секретар на претседателот 1-извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 06.11.2019 година.

Со ранг листата за работното место самостоен судски референт-технички секретар на претседателот, Комисијата за избор на судски службеници го предложи кандидатот Лидија Сотирова со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 06.11.2019 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го

прифати и одлучи за работното место самостоен судски референт-технички секретар на претседателот да биде избран кандидатот Лидија Сотирова од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Илија Николовски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба